# У П А Т С Т В О
## за постапката и потребните документи за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд по основ набавка на опрема

Право да поднесе барање по овој основ има секое инвалидно лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец и заштитно друштво кое е деловно активно најмалку 3 години сметано од денот на исполнувањето на условите пропишани со закон и почеток на работа како заштитно друштво или вршење на дејност како трговец поединец, односно ако се поминати најмалку 3 години сметано од претходно одобрените средства од Посебниот фонд за набавка на опрема.

Барањето за доделување на неповратни средства се поднесува до Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија преку центарот за вработување на чие подрачје е седиштето на работодавачот.

Фотокопија од барањето заверено од центарот за вработување се поднесува и до Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје.

Работодавачот го пополнува барањето и во прилог на барањето ги доставува следните документи:

**-пријава-известување** до Државниот инспекторат за труд за отпочнување на вршење на дејност или решение за вршење на дејност како доказ дека работните и помошните простории и опремата ги исполнуваат минимално-техничките услови и пропишаните мерки, нормативи и стандарди за вршење на соодветна дејност;

**-бонитет** издаден од Централниот регистар на Република Македонија (Информација за економско финансиската состојба на субјектот);

**-доказ** дека против работадавачот не е покрената постапка за стечај (со важност до 6 месеци);

**-потврда** од Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје дека фирмата работи како заштитно друштво издадена за месецот пред поднесувањето на барањето или потврда дека инвалидното лице самостојно врши дејност како трговец поединец, односно потврда дека работодавачот вработува инвалидно лице;

**- Декларација за прием - Образец МПИН - Месечна пресметка за интегрирана наплата** за последните 9 месеци пред поднесувањето на барањето;

**-изводи од банка** за последните 9 месеци пред поднесувањето на барањето со денот на исплатата на платата;

**-три понуди со цена**, услови на продажба и рок на испорака, со превод на македонски јазик доколку понудата е на странски јазик;

**-опис** на техничките карактеристики на опремата што треба да се набави, каталог, шеми или скици на опремата со превод на македонски јазик доколку текстот е на странски јазик

**-скица** на просторот каде ќе биде сместена опремата.

**УКАЖУВАЊЕ:**

1. Адресата на која работодавачот ја врши дејноста треба да се совпаѓа со адресата во пријавата-известувањето до Државниот инспекторат за труд за отпочнување на вршење на дејност или веќе издаденото решение за вршење на дејност.

2. Издадената Потврда од Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје дека инвалидното лице самостојно врши дејност како трговец поединец, односно дека работодавачот вработува инвалидно лице важи се додека трае работниот однос на инвалидното лице. Од овие причини, при поднесувањето на барањето не треба да се вади нова потврда.

3. Доколку барателот на средства за опрема изврши било какви измени во врска со поднесеното барање, потребно е дополнителните документи да ги достави до Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија преку центарот за вработување на чие подрачје е седиштето на работодавачот.

Фотокопија од дополнителните документи треба да се достават и до Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје.

**НАПОМЕНА:**

Заедницата на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ - Скопје по поднесеното барање дава мислење во однос на елементите од барањето и условите пропишани со Законот и Правилникот. Заедницата мислењето го доставува до Посебниот фонд при Агенцијата за вработување на Република Македонија, а примерок од мислењето доставува и до подносителот на барањето.